


## ***<u>ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО СКРИНИНГОТ ЗА КОЛОРЕКТАЛЕН КАРЦИНОМ</u>***

*Скринингот е метод на секундарна превенција со цел за <u>рано откривање</u> на ракот на дебелото црево и ректумот, т.е. откривање на прекурзорите – аденомите и откривање на колоректалниот карцином во ран, асимптоматски стадиум кај здраво население со просечен ризик на заболување.*

Лицата со симптоми не се цел на скрингот и треба веднаш да бидат упатени на соодветни дијагностички постапки.

Индивидуалниот степен-ниво на ризик зависи од возраста, од личната и фамилијарната историја на секој поединец.

## **<u>Лица со низок ризик</u>**

✓ Лица на возраст под 50 години
✓ Без лична историја за колоректални аденоми и воспалителна цревна болест
✓ Без фамилијарна историја за рак на колоректумот

## Лица со просечен ризик

- ✓ Лица на возраст од 50 години и повеќе
- ✓ Без лична историја за колоректални аденоми и воспалителна цревна болест
- ✓ Без фамилијарна историја за рак на колоректумот
- ✓ Индивидуи со афектирани роднини подалечни од прво колено се означуваат како лица со просечен ризик

## Лица со умерен ризик

- ✓ Еден или повеќе роднини од прво колено (родител, близнак, деца) со историја за колоректален карцином
- ✓ Лична историја за колоректален аденоматозен полип

## Лица со висок ризик

- ✓ Јасна фамилијарна историја за колоректален карцином со повеќе афектирани лица
- ✓ Фамилијарна историја за наследен неполипозен колоректален карцином или за фамилијарна аденоматозна полипоза
- ✓ Лична историја за воспалително цревно заболување.

## *Расположливи скрининг методи*

⇒ ***Тест на фекално окултно крвавење, FOBT***
⇒ ***Флексибилна сигмоидоскопија*** *на секои 5 години*
⇒ ***Двојноконтрастна иригографија*** *на секои 5 години*
⇒ ***Колоноскопија*** *на секои 10 години*
⇒ ***КТ колонографија*** *(виртуелна колоноскопија)*